ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

**Број:29-154/4**

**Дата: 10.02.2014**

ДО
ОПШТИНА ТЕТОВО

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основниот буџет (637) на Општина Тетово за 2012 година.

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2009 година на Општина Тетово е извршена во 2012 година, при што е констатирано дека не е постигнат напредок во имплементацијата на препораките.

За финансиските извештаи за 2012 година и за усогласеност со закони и прописи изразено е негативно мислење.

Во Општина Тетово вршени се исплати на плати и надоместоци на вработените и на членовите на Советот на Општина Тетово во поголеми износи од оние пропишани со позитивната законската регулатива.

За службени патувања во странство исплатени се средства за кои не е приложена уредна и комплетна документација, а исплатата на дневниците не е извршена во согласност со Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци.

---

*Ревизорски тим:* *Овластен државен ревизор*

*1.* ______________________________

*2.* ______________________________ ______________________

По основ на бензински бонови општината има евидентирано побарувања од вработените во износ од 2.619 илјади денари, за кој износ не е извршено раздолжување на трошокот односно не се поднесени сметки за гориво. Картичките за гориво се давале на вработените лица и покрај тоа што претходно доделените не им се раздолжени со приложување на сметки за гориво и имаат високи салда на побарувања од минати години, исто така на дел им престанал работниот однос во Општината, а не се навремено раздолжени.

На ревизијата не и беа доставени податоци на вработени лица кои располагаат со службени мобилни телефони со образложение дека општинската администрација нема евиденција за тоа кои лица располагаат со службени мобилни телефони . Од тие причини во Општината во 2012 година не се вршат одбивки од плата за пречекорен лимит за телефонска сметка.

За 2012 година не е извршена/пресметана ревалоризација на набавната вредност на градежните објекти и опремата и исправката на вредноста на истите, а за пресметаната амортизација, не се применети пропишаните стапки за амортизација.

Состојбата на обврските по лизиг за набавени специјални возила камиони за собирање смет и возило комбиниран ровокопач –натоварувач, континуирано од 2007 година е искажана во поголем износ.

Општина Тетово во 2012 година има извршено набавки на стоки и услуги во вкупен износ од 3.610 илјади денари, без спроведување на соодветни постапки на јавни набавки што е спротивно на одредбите од Законот за јавни набавки.

Во дел од постапките за јавни набавки не се почитувани одредбите од Законот за јавни набавки поради што не е целосно обезбедена конкуренција, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и интегритет и рационално и ефикасно искористување на средствата.

За надминување на утврдените состојби дадени се препораки до надлежните органи и служби.

Од страна на законскиот застапник за периодот на ревизија поранешниот градоначалник, добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и е констатирано дека не се прифаќаат и состојбите остануваат непроменети во Конечниот извештај.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 23 до 25 заедно со ревизија на усогласеност на сметката на основен буџет (637) на Општина Тетово, кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември 2012 година и биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државната ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеноста со законите и прописите на сметката на основниот буџет (637) на Општина Тетово за 2009 година. За вистинитоста и објективноста на финансиската состојба и за усогласеноста со закони и прописи на сметката на основниот буџет (637) на Општина Тетово под 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум е изразено мислење со резерва. Во 2012 година е извршена ревизија на имплементација на дадените препораки.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:

- Проф. д-р Сади Беџети, градоначалник на Општина Тетово од 05.04.2009 до 06.04.2013 година

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои се разумни во околностите.
Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на сметката на основен буџет (637) на Општина Тетово се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на:

- финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување;
- усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за добивање на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за

материјално погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1.4. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена од 04.12.2013 до 19.12.2013 година, кај Општина Тетово на сметката на основен буџет (637) од тим на Државниот завод за ревизија .

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години-спроведување на препораките

Ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за извршената ревизија на финансиските извештаи со ревизија на усогласеност за 2009 година на Општина Тетово е извршена во месец февруари 2012 година. За извршената ревизија е изготвен преглед на резултатите од имплементацијата на препораките кој е доставен до одговорното лице на субјектот каде е констатирано дека не е постигнат напредок во имплементацијата на препораките.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорното лице на субјектот - предмет на ревизија на 20.12. 2013 година.

На ден 03.02.2014 година, добиени се забелешки по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29-154/1 од поранешниот градоначалник на Општина Тетово. Забелешките се однесуваат на точките 4.3.1., 4.3.4. , 4.4.3. и .4.4.1. . Забелешките се разгледани и е оценето дека не се прифаќаат од причина што не се доставени релевантни докази кои би имале влијание на констатираните состојби.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2012 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**4.1. Интерни контроли**

4.1.1. При оценка на системот на интерните контроли кај процесот на плаќање, ревизијата констатира дека воспоставените интерни контроли не обезбедуваат доволно ниво на сигурност да спречат ризик од плаќање по некомплетна, непотврдена документација, и не почитување на договорените износи и услови за плаќање, што не е во согласност со член 5, 6, 16 и 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола. Согласно наведените одредби раководителот на субјектот е должен да воспостави систем на внатрешна контрола, назначи одговорни лица за ex ante и ex post финансиска контрола обезбедувајќи соодветна поделба на надлежностите и одговорностите.
Причина за ваквите состојби е тоа што во Општина Тетово во текот на 2012 година:

- нема одговорен сметководител за водење на деловните книги, сметководствените документи за обработка на податоците, контрола и потврдување на документите и изработка на годишните извештаи за општината, спротивно на членовите 10 и 16 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и членовите 30 и 36 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа;
- нема јасно разграничување на надлежностите и одговорностите на вработените во општинската администрација при плаќањата на набавени стоки, извршени услуги и работи.

Движењето на документацијата е регулирано со Правилник за оптек на финансиски и други документи на општинската администрација на Општина Тетово од 2008 година, меѓутоа, внатрешна контрола не е воспоставена во сите сегменти од работењето во процесот на плаќање.
Плаќањата врз основа на документација која не е комплетна и веродостојна создава ризик за ненаменско и незаконско користење на буџетските средства на општината.
Во текот на 2013 година од страна на надлежните од Општина Тетово се преземени активности за донесување на пишани процедури и воспоставување на внатрешни контроли во процесот на плаќање.

**4.2. Усогласеност со закони и прописи**

4.2.1. Покрај редовните вработувања, Градоначалникот во текот на 2012 година склучил договори за дело со 87 лица за вршење на работи и работни задачи предвидени со систематизацијата на работни места на општинската администрација, постапка која не е во согласност со член 13, став 1 и 3 од Законот за работни односи, според кој работен однос се заснова врз основа на договор за вработување. На овие лица исплатени се средства во вкупен износ од 6.097 илјади денари без критериуми за утврдување на месечниот надомест. За потребата од нивно ангажирање не постојат пишани документи, а на ревизијата не и беа презентирани ниту докази, односно извештаи за извршената работа од страна на ангажираните лица по договор за дело.
Ангажирањето на лицата со договор за дело во општинската администрација кои не се во согласност со законски пропишаната рамка за вработување, укажуваат на намалена транспарентност при вработувањето, субјективност во изборот на лица и нивна повластена положба во постапката за нивно ангажирање и тренд на пораст на бројот на ангажирани лица во општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината вработувањата во општинската администрација да ги врши согласно со актите за организација и систематизација на општината и законски пропишаната рамка, доколку за тоа се обезбедени средства во буџетот на општината.

4.2.2. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста на направените расходи во вкупен износ од 7.795 илјади денари, кои се однесуваат на Трансфери до невладини организации, по повод одржување на различни манифестации. Советот на Општина Тетово има донесено Програми за активностите на општината во областа на културата и спортот, во кои се предвидени манифестациите и носители на истите, како и утврдени финансиски средства за распределба на Здруженија на граѓани и фондации, невладини организации, спортски клубови и културно уметнички друштва. Од извршениот увид во документацијата ревизијата го утврди следното:

- одговорните лица од Секторот за јавни дејности не вршат следење на Програмите и немаат изготвено извештаи за реализација на истите;
- исплатени се вкупно 4.732 илјади денари од Буџетот на општината по донесени одлуки на Совет за проекти и манифестации кои не се влезени во програмите за активностите на општината во областа на културата и спортот за 2012 година, ниту пак е објавен јавен повик или објава на веб страната на општината за доделување на финансиски средства;

- организациите кои добиле буџетски средства не доставиле деловни и финансиски извештаи за реализација до надлежен орган на општината, и
- на веб страната на општината не се објавени организациите кои ги добиле средствата, како и намената за кои се добиени средствата.

Ваквата состојба не е во согласност со член 49 од Закон за здруженија и фондации, и член 22-а од Законот за Спортот и создава можност за незаконско користење на средствата од Буџетот на општината.

**Препорака**:

- Секторот за јавни дејности да врши надзор на реализацијата на Програмите и нивно изменување и дополнување, како и да доставува Извештаи за реализација на истите;
- финансирањето на надлежностите во областа на културата, спортот и поддршка на невладини организации да се врши согласно законски пропишаната рамка.

4.2.3. Од позицијата Социјални надоместоци исплатени се средства во износ од 1.974 илјади денари за социјална помош на физички лица.
Согласно членот 22 од Законот за локална самоуправа, социјалната заштита спаѓа во надлежностите на општината, а истовремено со Законот за социјална заштита во член 11 е уредено дека општините организираат и обезбедуваат спроведување на социјалната заштита преку донесени сопствени развојни програми кои се одобрени од Министерството за труд и социјална политика.
Исплатени се средства врз основ на Програма со утврдени цели и активности, донесена од Советот на општината, но нема утврдени критериуми и постапка за доделување на финансиски средствата, што создава можност за субјективно постапување и одлучување при нивно доделување и ненаменско трошење на средствата. Исплатите се врз основа на Решенија донесени од Градоначалникот, без приложена дополнителна документација. За исплатените средства по овој основ не е пресметан и платен персоналниот данок на доход во износ од 219 илјади денари, што не е во согласност со одредбите од членот 3 од Законот за персонален данок на доход.

**Препорака:**
Надлежните органи во Програмата за социјална заштита да утврдат критериуми и постапка за доделување на средства за парична помош на физички лица.

## 4.3. Финансиски извештаи

### Биланс на приходи и расходи

4.3.1. Со извршената ревизија на пресметаните и исплатени плати и надоместоци на вработените и надоместоци на членовите на Советот на Општина Тетово, ревизијата утврди дека се исплатени средства во износ од 20.066 илјади денари кои не се во согласност со законската регулатива, поради следното:

- пресметката на плати поединечно по вработени месечно се врши и тоа за градоначалникот според коефициентот и основицата за пресметка на плата, а за вработените во општинската администрација и противпожарната единица според бројот на бодови утврдени со решенијата за плата и вредноста на бодот. На пресметаната месечна бруто плата на секој вработен се додава надоместок за храна во износ од 5,6 илјади денари и надоместок за превоз до и од работа во различен износ во зависност од оддалеченоста од работа. По основ надоместоци за храна и превоз за 2012 година исплатени се средства во вкупен износ од 19.076 илјади денари, што не е во согласност со член 3 од Законот за исплата на платите во Република Македонија, член 27 од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија и член 52 од Законот за државни службеници. Ваквата состојба е констатирана и во извештајот од извршената ревизија за 2009 година, но истата не е променета и е присутна и во 2012 година;
- на членовите на Советот на Општина Тетово за 2012 година исплатени им се 832 илјади денари на име дневни трошоци за доаѓање на седница. Советот на Општина Тетово во месец јануари 2012 година има донесено Одлука за определување на висината на надоместокот за дневни трошоци на членовите на Советот на Општина Тетово каде што во член 1 е определено дека на членовите на Советот на Општина Тетово им се исплаќа месечен надоместок за дневни трошоци во висина од 23% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година. Исплатата на надоместоците на советниците е уредена со членовите 29а-д од Законот за плата и други надоместоци на избрани и именувани лица во Републиката. Според наведениот Закон, на членовите на Советот на општината им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок за патни и дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација, но не е предвиден надоместок за дневни трошоци за присуство на седница, и

- во текот на 2012 година исплатен е надоместок на членови на советот на Општина Тетово кои не присуствувале на седници на Советот во износ од 158 илјади денари што не е во согласност со член 29-г од Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија кој што предвидува месечен надоместок за присуство на седниците и намалување на надоместокот за отсуство од седница меѓутоа не предвидува надоместок за оправдано отсутен член на Совет. Во евденциските листи за присуство и отсуство на членовите на Советот на Општина Тетово покрај присуство и отсуство од седница постои евидентирање на советници како оправдано отсутни и на овие лица им се исплаќа надомест кој согласно законската регулатива се исплаќа за присуство на седници но без зголемувањето од 23% за дневни трошоци.

Исплатите кои не се усогласени со законските прописи придонесуваат за ненаменско и незаконско трошење на буџетските средства и зголемени расходи на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината да превземе мерки и активности исплатата на платите на вработените во општинската администрација како и исплатата на надоместоците на советниците да се врши согласно законските прописи.

4.3.2. Од средствата на резервите извршени се исплати кои не се во согласност одредбите од членот 11 од Законот за Буџетите со кој е уредено дека средствата од резервите се користат за непредвидени случаи за отстранување на последици од: елементарни непогоди, епидемии и еколошки катастрофи и истите не може да се намалуваат со прераспределби во текот на годината, а доколку се недоволни може да се зголемат со прераспределба. Исплатени се средства во износ од 180 илјади денари за помош при лекување и социјална помош.

Со Одлука на Советот на Општина Тетово од средствата на тековната резерва доделена е финансиска помош во вкупен износ од 75.000 евра во денарска противвредност од 4.575 илјади денари на 5 (пет) лица по 15.000 евра за санирање на штети настанати од пожар во семејна куќа во Тетово. Од овој износ исплатени се средства од 2.045 илјади на градежно претпријатие од Тетово со согласност на 5-те лица заверена на нотар, а до денот на ревизијата останал не исплатен износ од 2.530 илјади денари, кој во сметководството е евидентиран како обврска спрема градежно претпријатие од Тетово. Градежното претпријатие за овие лица извршило изградба на стамбен објект. Во врска со овој случај нема записник од Министерството за внатрешни работи ниту од Територијалната противпошарна единица Тетово, за настанатата штета од пожар и проценетата висина на штетата.

Градоначалникот на Општина Тетово нема поднесено до Советот на општината годишен извештај за користењето на средствата од резервите што не е во согласност со членот 48 од Законот за буџетите според кој е пропишано дека Градоначалникот на општината му поднесува на Советот на општината годишен извештај за користењето на средствата од резервите.
Доделувањето средства без критериуми и пропишани постапки, создава ризик од незаконско и ненаменско трошење на средствата.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината како одговорен за извршување на буџетот да не дозволува исплати од буџетската резерва за намени кои не се во согласност со законската регулатива и за потрошените средства од буџетските резерви да доставува извештај до Советот.

4.3.3. Ревизијата не се увери во реалноста на искажаните трошоци за службени патувања во странство во износ од 2.613 илјади денари. Со увид во документацијата за службени патувања во странство констатирано е следното:

- Решенијата и налозите за службено патување во странство не се изготвуваат во согласност со член 5 од Уредбата. Имено во Решенијата за службено патување најчесто не се наведува целта на патувањето и работите и задачите што се вршат, видот на превозот што ќе се користи. Исто така во изготвените решенија однапред е определен износот на дневница за службено патување што ќе му се исплати на лицето, во кој износ почесто се вклучени и трошоците за сместување меѓутоа без да се приложи пресметката како е дојдено до утврдениот износ и без да се земат во предвид часовите поминати на службено патување што влијае врз бројот и висината на дневниците и другите трошоци што им се исплаќаат при службено патување во странство. Исто така, утврдивме исплати на трошоци за службени патувања за кои не е изготвено решение од страна на Градоначалникот. Налозите за службено патување не се архивски заверени, најчесто нема пресметка за исплатените дневници, а дел од патните налози не се пополнети со податоци за денот и/или часот на заминување и враќање од службеното патување, налозите најчесто не се потпишани од одговорните лица (раководно лице на сметководство и благајник) и лицата примачи на средствата, единствено се печатирани и има факсимил од градоначалникот;
- износот на дневниците кои што им се исплаќаат на вработените лица кои службено патувале е 50% од утврдената дневница за соодветната земја каде

што се патувало предвидена со Решението за највисоките износи на дневници за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци, што не е во согласност со член 10 од Уредбата каде што е предвидено дневницата да се исплаќа во висина од 35% од утврдената дневница ако се поднесе сметка за сместување како и во случај кога сместувањето не паѓа на товар на органот на управата. Исплатите на дневниците најчесто се авансно односно пред остварување на службеното патување, меѓутоа за износот на исплатените аванси не се води соодветна евиденција, односно исплатените аванси не се искажуваат како побарувања од вработените кои подоцна по враќање од службеното патување и приложување на соодветната документација би се раздолжиле;

- за износ од 252 илјади денари исплатени се издатоци за службени патувања во странство, во кој се опфатени дневници за службени патувања и трошоци за сместување, без притоа да се приложат сметките за сместување, а во патните налози (бланко) нема пресметка од која би се утврдило кој е износот што се исплатил за дневници за службените патувања, а колку е исплатено за трошоци за сместување, при што на тој начин ревизијата нема потврда дали службеното патување е реализирано како и за оправданоста на исплатените средства;
- кон патните налози не се поднесува писмен извештај заверен од надлежниот наредбодател што не е во согласност со член 24 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци. Исто така патните налози во делот кој е наменет за извештај од службеното патување не се пополнети;
- ревизијата не беше во можност да се увери во оправданоста на направените трошоци за авио билети и хотелско сместување од причини што од доставените фактури од добавувачот не може да се утврди точната релација на патување на наведените лица како ниту датата на патување при што на тој начин нема можност да се поврзат трошоците за авиобилети и хотелско сместување со остварените службени патувања. Во прилог кон фактурите нема дополнителна поткрепувачка документација. На барање на ревизијата, надлежните лица во Општината да обезбедат спецификации по приложените фактури со појаснувачки информации за релацијата на патување и датите на патување кои би ги добиле од добавувачот, истите не беа обезбедени.

Исплата на издатоци за службени патувања без комплетна и веродостојна документација има за ефект незаконско користење на средствата од буџетот на општината.

**Препорака:**
Градоначалникот на Општината да ги преземе следните мерки и активности:

- за секое патување во странство да се изготвува решение кое ќе ги содржи потребните елементи;
- исплатата на патни и дневни трошоци да се врши на основа потполни и уредни патни налози со прилог на поткрепувачка документација, и
- за секое службено патување да се изготвува извештај согласно Уредбата.

4.3.4. Општината во текот на 2012 година за фиксна и мобилна телефонија има направено трошоци во вкупен износ од 5.732 илјади денари од кои 4.710 илјади денари по основ на мобилна телефонија. На ревизијата не и беше презентиран Договорот со економскиот оператор за обезбедување на услугите за фиксна и мобилна телефонија.
Правото на користење на службени мобилни телефони е уредено во текот на 2010 година кога е донесен Правилник за начинот на користење на мобилна телефонија и фиксна телефонска мрежа од страна на вработените во општинската администрација на Општина Тетово кој е во примена и во 2012 година. Со правилникот не се опфатени со ограничување сите службени телефони, а за дел од вработените лица се утврдени високи месечни лимити за телефонска сметка.
На ревизијата не и беше доставен список на вработени лица кои располагаат со службени мобилни телефони со образложение дека општинската администрација нема евиденција за истите поради тоа што при набавката на службени мобилни телефони не се издавани реверси за задолжување на лицата. Од тие причини во општината во 2012 година нема задолжено лице да води евиденција на пречекорувањето на лимитот на месечните сметки по вработени, па според тоа не се вршат одбивки од плата, за евентуалните пречекорувања.
Невоспоставената евиденција за користење на службен мобилен телефон по вработени лица, високите лимити за дел од вработените утврдени со Правилникот донесен во текот на 2010 година, како и можноста за неограничено користење на службените мобилни телефони без да се вршат одбивки од плата за пречекорување на лимитот, придонесува за ненаменско и незаконско користење на буџетските средства.

Во текот на 2013 година од Градоначалникот на Општина Тетово донесено е Решение за определување на правото на користење на службен мобилен телефон, ограничувањето на сметката на користење на телефонот и начинот на надоместување на сметката повисока од ограничувањето утврдено со решението за вработените во Општина Тетово.

4.3.5. За набавка на гориво за службените возила, Општината во текот на 2012 година има исплатено 6.051 илјади денари за набавени картички за полнење на гориво. Вработените од благајната ги подигаат набавените картички за гориво со каса исплати, меѓутоа ревизијата утврди дека картички за гориво се даваат и на лица кои не се овластени да располагаат и користат такви картички.

По основ на картички за гориво општината има евидентирано побарувања од вработените во вкупен износ од 2.619 илјади денари за кој износ не е извршено раздолжување на трошокот односно не се поднесени сметки за гориво, дел од овој износ од 2.041 илјади денари се пренесено салдо од минати години додека износот од 578 илјади денари се побарувања од вработените за картички за гориво подигнати во 2012 година. Картички за гориво се давани на вработените лица и покрај тоа што не се раздолжени за претходно доделените картички и имаат високи салда од минати години. Исто така дел од лицата не се повеќе во работен однос во Општината.

При извршениот увид во приложените сметки за гориво, ревизијата утврди дека кај голем дел од сметките не е наведен бројот на регистрацијата така што нема потврда дека горивото е набавено за службено возило.

Состојба на подигање на картички за гориво без да се воспостави контрола на користење на возилата и без да се врши навремено раздолжување на истите придонесува за незаконско користење на средствата на Општината и создава ризик од злоупотреба на буџетските средства.

**Препорака:**

Градоначалникот на општината да преземе мерки и активности за:

- наплата на долговите на вработените лица и лицата на кои им престанал работниот однос по основ на користење на картици за гориво за кои нема покритие со сметки за гориво за службените возила.
- да изготви овластувања за лицата кои имаат право да користат картици за гориво;
- да воспостави контроли со кои ќе се оневозможи давање на картички за гориво на лица од кои општината има побарувања по тој основ.

4.3.6. Ревизијата не се увери во реалноста и објективноста за дел од расходите искажани на ставката договорни услуги во вкупен износ од 2.785 илјади денари, а се однесуваат за набавени печатени банери, билборд постери, памучни маици, знамиња, плакати, каталози и друг репрезентативен материјал. Од извршениот увид во документацијата, ревизијата утврди дека се плаќа по фактури и испратници за вкупно набавената количина, но без да се знае по кој повод се набавени, кој ги подигнал материјалите и на кои корисници се распределени за

што не постои комплетна документација и записник како поткрепа за основаноста и веродостојноста на оваа исплата.
Преземањето на обврски како и исплатата на средства, за кои не постои комплетна и веродостојна документација создава можност од трошење на буџетските средства на Општината без законски основ.

**Препорака**:
Одговорните лица одобрувањето на користење на репрезентативен материјал да го вршат врз основа на комплетна документација со која се потврдува веродостојноста на направениот расход.

**Биланс на состојба**

4.3.7. Со извршената ревизија на материјалните средства (градежни објекти и опрема) се констатира следното:

- за 2012 година не е извршена/пресметана ревалоризација на набавната вредност на градежните објекти во износ од 35.553 илјади денари, на опремата во износ од 2.390 илјади денари и на исправката на вредноста во износ од 2.121 илјада денари (ефект од ревалоризацијата во износ од 35.822 илјади денари), што не е во согласност со членот 28 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници според кој Буџетите и буџетските корисници вршат ревалоризација на долгорочните средства (материјалните и нематеријалните средства) со индексот на пораст на цените на производителите на индустриски производи. Ефект од тоа е нереално искажана состојба на материјалните средства во сметководството и финансиските извештаи за 2012 година;
- за пресметаната амортизација за 2012 година, а и годините кои претходат, се констатира дека не се применети пропишаните стапки за амортизација. Тоа не е во согласност со Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, со кој се пропишани годишните стапки за отпис/амортизација на долгорочните средства на буџетите и буџетските корисници. Поради тоа состојба на материјалните средства во сметководството и финансиските извештаи за 2012 година е искажана неточно и нереално;
- материјалните средства добиени со делбениот биланс согласно решението на Владата на Република Македонија од 2000 година сеуште не се евидентирани во сметководството, а Советот на Општина Тетово има донесено одлука од февруари 2013 година за преземање мерки за утврдување на вредноста на овие материјални средства. Од страна на надлежните во општината не се преземени понатамошни активности за

утврдување на вредноста на овие материјални средства и нивно евидентирање во сметководствената евиденција.

**Препорака:**
Надлежните од сметководството на Општина Тетово:

- да вршат ревалоризација на вредноста на материјалните средства согласно одредбите од членот 28 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, и
- да вршат отпис/амортизација на долгорочните средства согласно важечките пропишани годишни стапки за отпис.

Во врска со материјалните средства добиени со делбениот биланс согласно решението на Владата на Република Македонија од 2000 година, надлежните да превземат мерки и активности за утврдување на вредноста и нивно евидентирање во сметководството.

4.3.8. Со извршената ревизија на обврските спрема добавувачите констатирано е следното:

- Извршениот попис за 2012 година не е во согласност со членот 31-а и 31-в од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници поради тоа што со извршениот попис на обврските потврдено е салдото спрема добавувачите, но не е утврдена правната основа за постоење и старосната структура на истите. Неизвршувањето на пописот согласно законската регулатива создава ризик од нецелосно евидентирање на обврските и нереално искажување на билансните позиции, како и намалување на квалитетот на информациите кои ги даваат финансиските извештаи, и
- Обврските спрема добавувачите, во сметководството и Билансот на состојба за 2012 година се искажани во помал износ од 17.258 илјади денари поради неевидентирана документација (фактури, градежни ситуации) кои се однесуваат за 2012 година, кои се добиени во првата половина на месец јануари 2013 година и се евидентирани во сметководствената евиденција за 2013 година. Ваквата состојба не е во согласност со членот 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и член 18 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и придонесува за нереално искажување на состојбата на обврските спрема добавувачите.
- Општината за 2012 година нема искажано обврски по основ на неисплатен надоместок на членовите на Советот за одржани седници за месеците септември, октомври, ноември и декември во вкупен износ од 2.387 илјади денари, што не е во согласност со член 22 став 5 од Законот за

сметководство на буџетите и буџетските корисници, според кој е пропишано дека финансиските извештаи треба да дадат точен, вистинит и целосен преглед на обврските.

Ефектот од ваквата состојба се помалку искажани обврски во сметководствената евиденција и Билансот на состојба за 2012 година.

**Препорака:**

- пописната комисија да врши попис и на обврските спрема добавувачите, согласно одредбите од Законот и Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, и
- документацијата за обврските спрема добавувачите, да се евидентира за годината за која се однесува, односно за која се изготвува завршната сметка.

4.3.9. Состојбата на обврските по основ на лизиг за набавени специјални возила камиони за собирање смет и возило комбиниран ровокопач – натоварувач, континуирано од 2007 е искажана во поголем износ, поради погрешно евидентирање од страна на надлежните од сметководството. За 2012 година во сметководството и финансиските извештаи - Билансот на состојба, на сметката Други долгорочни обврски е искажана состојба во поголем износ од 33.054 илјади денари. За овој износ повеќе е искажана и состојбата на сметката Инвестиции во тек, додека за износ од 34.635 илјади денари, колку што изнесува вредноста на средствата набавени по пат на лизинг, помалку е искажана состојбата на сметката Други нематеријални права и сметката Други пасивни временски разграничувања. Таквото постапување не е во согласност со одредбите од членот 19 од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и членот 2 алинеа 4 од Правилникот за содржината на сметките од сметковниот план на буџетите и буџетските корисници, според кој на сметката Други нематеријални права, се евидентираат и правото на користењето на опрема во лизинг. Ефектот од несоодветното евидентирање е нереално искажани состојби на претходно наведените сметки, што се рефлектира на реалноста на состојбите искажани во Билансот на состојба на 31.12.2012 година.

**Препорака:**

Надлежните во општината евидентирањето на средствата и обврските преземени по пат на лизинг да ги евидентираат согласно одредбите од Законот за сметководството на буџетите и буџетските корисници и Правилникот за содржината на сметките од сметковниот план на буџетите и буџетските корисници.

4.3.10. На сметката Други побарувања искажана е состојба на 31.12.2012 година од 2.470 илјади денари, кои потекнуваат од 2005/2006 година и се пренесени на општината по укинување на тогашниот Фонд за уредување на градежно земјиште/ Фонда за комунално уредување. Најголем дел од овие побарувања во износ од 2.236 илјади денари се по основ на комунален придонес кој се наплаќал во тој период. За овие побарувања не е извршен попис што не е во согласност со членот 29 од Правилникот за сметководството на буџетите и буџетските корисници, а ниту се преземени мерки за утврдување на реалноста на истите и можност од нивна наплата. Искажување на побарувања за кој не е утврдена правната основа и евентуално можноста за нивна наплата има влијание на реалноста на состојбите искажани во Билансот на состојба.

**Препорака:**
Надлежните од општината да извршат утврдување на основот на овие побарувања и можноста за наплата на истите и да предложат до Советот преземање соодветни мерки за расчисттување на истите.

**4.4. Користење на средствата согласно законските прописи**

4.4.1. Во текот на 2012 година извршени се набавки во вкупен износ од 3.610 илјади денари без да се спроведат соодветни постапки за јавна набавка што не е во согласност со член 28 од Законот за јавни набавки. (Прилог3).
Плаќањата за набавки за кои не е спроведена постапка за јавна набавка ги нарушува основните принципи на Законот за јавни набавки кој налага конкуренција меѓу економските оператори, еднаков третман и недискриминација на економските оператори, транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.

**Препорака:**
Да се почитуваат во целост одредбите од Законот за јавни набавки во функција на обезбедување конкуренција, еднаков третман и недискриминација, транспарентност и интегритет и рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за јавни набавки.

4.4.2. При спроведената постапка за јавна набавка на "резервација и набавка на авиобилети за сите дестинации во светот за потребите на Општина Тетово за 2012 година", спецификацијата кон тендерската документација покрај тоа што содржи спецификација на услуги за авио билети содржи и спецификација за изнајмување на превозни средства со позиции за изнајмување на автобус, изнајмување на

минибус, изнајмување на комбе, изнајмување на лесно возило и рент а кар на лесно возило иако тоа не соодветствува со предметот на набавката, наведен во Решението за јавна набавка како и во тендерската документација.
Во понудата од избраниот економски оператор не е наведена цената на понудата вклучувајќи ги сите трошоци и попусти без ДДВ како и вкупниот износ на ДДВ , што не е во согласност со член 134 од Законот за јавни набавки каде што е наведено дека понудувачот ја доставува понудата со цена во која се засметани сите трошоци и попусти на вкупната цена на понудата, без ДДВ, кој се искажува посебно, во денари или во валута како што е утврдено во тендерската документација. Во понудата од избраниот економски оператор во Спецификација број 2 -изнајмување на превозни средства каде што се бара цена за 1 ден во странство од страна на економскиот оператор наведено е дека цената зависи од земјата односно не е понудена цена како ориентир. Со избраниот економски оператор склучен е договор во кој не е утврдена вкупната вредност на набавката што има за ефект извршување на набавки на услуги со неопределена вредност и зголемени трошоци за општината.

**Препорака:**

- Комисијата за јавни набавки при изготвување на спецификација да изврши усогласување со предметот на набавката, како и да врши избор на најповолна понуда која е комплетно пополнета и содржи податоци за цената на понудата вклучувајќи ги сите трошоци и попусти без ДДВ како и вкупниот износ на ДДВ.
- Градоначалникот на Општината да склучува Договори за набавка на стоки, услуги или работи со економските оператори, кои задолжително содржат вкупна вредност на набавката на кој начин општината би се заштитила од можна злоупотреба на склучените договори.

4.4.3. При спроведување на постапките за јавни набавки за Асфалтерски работи низ улици и патишта во Општина Тетово и за Довршување на изградба на системот за водоснабдување на Тетово со зафаќање на површински води од Студена река и река Пена, за кој е предвидено во последната фаза да завршат со е-аукција , тоа не се случило односно не е одржана е-аукција поради тоа што се јавил само еден економски оператор. Од страна на општината се склучени договори со понудувачите кои понудиле најниска цена, без при тоа да се искористи можноста дадена со членот 99 од Законот за јавни набавки, односно да се пристапи кон преговарање со цел да се постигне намалување на цените или евентуално кога се работи за понудени реални цени кои соодветствуваат на реалните пазарни цени тоа да биде констатирано со писмен документ, што ќе ја оправда/потврди реалноста на склучените договори.

Ефект од не постапување по дадената можност согласно член 99 од Законот за јавни набавки е постоење на ризик од склучување договори без при тоа да се провери висината на понудената цена со реалните пазарни цени, што може да доведе до извршување на работи по повисоки цени од пазарните и нереални трошоци за општината.

**Препорака:**
Надлежните од општината, во случаите кога во постапка за јавна набавка за која е предвидено да заврши со е-аукција во последната фаза, се јавил само еден понудувач или е-аукција не се одржала да ги користи можностите дадени со Законот со цел постигнување на реални пазарни цени.

4.4.4. За извршени интервентни санациони градежни работи на триторијата на град Тетово за 2010 година е спроведена постапка за јавна набавка, Оглас со барање за прибирање на понуди број 08/2010 за што со решението за јавна набавка се обезбедени средства од 1.200 илјади денари. Склучена е рамковна спогодба без утврден износ во која со членот 2 е предвидено вредноста на работите да се утврдува поединечно за секоја извршена работа во која ќе има точни количини за што ќе се склучи посебен договор според единечните понудени цени со ДДВ. Посебни договори не се дадени на увид на ревизијата, односно такви не се склучувани, што не е во согласност со претходно наведениот член. Од испоставената завршна ситуација која е на вкупен кумулативен износ од 5.404 илјади денари, за извршени работи заклучно со месец март 2011 година се констатира дека се извршени работи во поголем износ од обезбедените средства со решението за јавна набавка во износ од 4.204 илјади денари. Тоа не е во согласност со членот 28 од Законот за јавни набавки и има за ефект извршување на работи без за тоа да бидат обезбедени средства за плаќање на истите.

4.4.5. По спроведена отворена постапка 12/2011 за изведување на Интервентни работи за изградба и реконструкција на инфраструктурни објекти склучен е договор број 13-511/9 од 20.04.2011 на износ од 15.000 илјади денари. По истиот договор изведени се работи во износ од 29.968 илјади денари односно повеќе во износ од 14.968 илјади денари, за кој износ нема спроведено постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 28 од Законот за јавни набавки, односно договорниот орган да донесе Одлука за потребата од јавна набавка и да спроведе постапка за јавна набавка. Постапувањето кое не е во согласност со одредбите на Законот за јавни набавки ја оневозможува конкуренцијата и можноста за постигнување поповолни понуди односно пониски цени при набавките.

**Препорака:**
Надлежните од општината да го следат извршувањето на договорените работи и доколку има надминување на обезбедените средства со решението за јавна набавка да превземат соодветни активности согласно Законот.

4.4.6. По спроведени постапки за јавни набавки склучени се договори за набавка, транспорт на нафта и други деривати за лесни и товарни возила на Општина Тетово и Територијалната противпожарна единица Тетово и за набавка на услуги за привремени вработувања за 2012 година во кои не е утврдена вкупната вредност на набавките. Ваквата состојба не е во согласност со член 32 од Законот за јавни набавки, каде во врска со тендерската документација наведени се задолжителните елементи кои треба да ги содржи договорот. Ефектот од ваквата состојба е можност од извршување на набавки со неограничена вредност.

**Препорака:**
При склучување на договори за набавка на стоки, услуги или работи со економските оператори, договорите задолжително да содржат вкупна вредност на набавката на кој начин општината би се заштитила од можна злоупотреба на склучените договори.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значајноста на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на сметката на основен буџет (637) на Општина Тетово на ден 31 декември 2012 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките 4.2. и 4.5 активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на сметката на основен буџет (637) на Општина Тетово, во сите материјални аспекти, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност

6.1. Согласно донесената одлука од Советот на Општина Тетово од декември 2009 година за престанување на функционирање на ЈП „Геоинженеринг" Тетово како општинско јавно претпријатие, донесена е Одлука од месец мај 2012 година за престанок на ЈП по пат на ликвидација и Одлука од септември 2012 за бришење на Друштвото од Централниот регистар на РМ.
Со бришење на Друштвото ненамирените долгорочни и краткорочни обврски во вкупен износ од 15.942 илјади денари на ЈП „Геоинженеринг" Тетово не се преземени од страна на Општина Тетово.

Скопје, 07.02.2014 година

ОПШТИНА ТЕТОВО

**Сметка на основен буџет (637)**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2012 година**

| | | | **во 000 денари** |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2012** | **2011** |
| | | | |
| **Приходи** | | | |
| Трансфери и донации | 3.1.1. | 367.317 | 262.628 |
| **Вкупно приходи** | | **367.317** | **262.628** |
| | | | |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | 3.2. | | |
| Плати и надоместоци | 3.2.1. | 106.421 | 82.004 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.2.2. | 4.921 | 1.855 |
| Стоки и услуги | 3.2.3. | 81.515 | 81.235 |
| Субвенции и трансфери | 3.2.4. | 14.855 | 13.889 |
| Социјални бенефиции | 3.2.5. | 1.974 | 2.264 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **209.686** | **181.247** |
| | | | |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.3. | 157.631 | 81.381 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **157.631** | **81.381** |
| | | | |
| | | | |
| **Вкупно расходи** | | **367.317** | **262.628** |

| ОПШТИНА ТЕТОВО | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Сметка на основен буџет (637)** | | | | |
| БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ | | | | |
| | | | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жение** | **2012** | | **2011** |
| **Актива** | | | | |
| **Тековни средства** | 4.1. | | | |
| Побарувања од купувачи во земјата | 4.1.1. | 2.470 | | 2.470 |
| Побарувања од вработените | 4.1.2. | 2.790 | | 2.200 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 277.769 | | 244.427 |
| **Вкупно тековни средства** | | **283.029** | | **249.132** |
| **Постојани средства** | 4.2. | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 773.076 | | 673.779 |
| Материјални средства во подготовка | 4.2.2. | 106.370 | | 136.482 |
| **Вкупно постојани средства** | | **879.446** | | **810.261** |
| **Вкупна актива** | | **1.162.475** | | **1.059.393** |
| **Пасива** | | | | |
| **Тековни обврски** | 4.3. | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.1. | 226.108 | | 206.400 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.2. | 1.581 | | 6.023 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.3. | 49.901 | | 30.824 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 78.755 | | 113.649 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **356.345** | | **356.896** |
| **Долгорочни обврски** | 4.4. | **33.054** | | **28.719** |
| **Извори на средства** | 4.5. | | | |
| Извори на капитални средства | 4.5.1. | 773.076 | | 673.778 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **773.076** | | **673.778** |
| **Вкупна пасива** | | **1.162.475** | | **1.059.393** |

**ОПШТИНА ТЕТОВО**

**Сметка на основен буџет (637)**

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2012 ГОДИНА**

| | | во 000 денари |
|---|---|---|
| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Вкупно** |
| | | |
| **Состојба 01.01.2012 година** | **673.778** | **673.778** |
| | | |
| **Зголемување по основ на:** | **110.818** | **110.818** |
| Набавки | 110.818 | 110.818 |
| | | |
| **Намалување по основ на:** | **11.520** | **11.520** |
| Отпис на капитални средства | 275 | 275 |
| Амортизација | 11.245 | 11.245 |
| | | |
| **Состојба 31.12.2012 година** | **773.076** | **773.076** |

Република Македонија
Општина Тетово
Дервиш Цара,68
1200,Тетово
E: info@tetova.gov.mk

Republika e Maqedonisë
Komuna e Tetovës
Dervish Cara, 68
1200,Tetovë

Бр. 03-16/2
Датум 29.01.14 година
Тетово

Nr.__________
Data ____________
Tetovë

**До:**
**Државен завод за ревизија**
**М-р Тања Таневска**
**Главен државен ревизор**

**Dorëzuar te:**
**Enti shtetëror për revizion**
**Mr Tanja Tanevska**
**Revizor kryesor shtetëror**

**ПРЕДМЕТ: Мислење по однос на Нацрт Извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Тетово за 2012**

Врска: Ваш бр. 29-576/10 од 30.12.2013

Почитувана г-ѓа Таневска,

Во врска со Нацрт-Извештајот за извршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Тетово за 2012, доставен до Општина Тетово на 03.01.2014 година со бр 03-17/1, Ве известуваме дека Општина Тетово го разгледа и нема забелешки по истиот.

Истовремено Ве известуваме дека Општина Тетово ќе ги превземе сите потребни мерки и активности за постапување по наводите и надминување на забелешките кои беа утврдени во извештајот.

**LËNDA: Mendim lidhur me Propozim – Raportin për revizionin e raportve financiare dhe revizionin e harmonizimit të Komunës së Tetovës për 2012**

Lidhja: Nr. Juaj 29-576/10 i 30.12.2013

E nderuara z-nja Tanevska,

Lidhur me Propozim – Raportin për revizionin e raporteve financiare dhe revizionin e harmonizimit të Komunës së Tetovës për 2012, dorëzuar deri te Komuna e Tetovës më 03.01.2014 me nr. 03-17/1, Ju informojmë se Komuna e Tetovës e shqyrtoi te njejtin dhe Ju informon se nuk ka vërejtje lidhur me të.

Njëkohësisht Ju informojmë se Komuna e Tetovës do të ndërmer të gjitha masat dhe aktivitetet e nevojshme për tejkalimin e vërejtjeve të identifikuara në raport.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ
03.02.2014
29 154/2

Со почит, Me respekt,

Општина Тетово
Градоначалник,
Теута Арифи

Komuna e Tetovës
Kryetar,
Teuta Arifi

Изработил:
Përpunoi: Hasije Kurtishi
Контролирал:
Kontrolloi: Ermira Fida
Одобрил:
Miratoi: Teuta Nezini

ОД:

Проф.Др. Сади Беџети, поранешен градоначалник

ДО:

Државен Завод за Ревизија-Скопје
Ул. „Македонија“ 12/3, 1000, Скопје

03.02.2014

Врска Ваш Бр. 29-576/9 од 30.12.2012 година
Предмет: Известие.

29 154/1

Во врска со Нацрт-извештајот за за извршена ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Општина Тетово за 2012 година ги давам следните забелешки и тоа:

**За точка 4.3.1**. До влегување во сила на исплатата на бруто плата во РМ, заклучно со платата исплатена за месец декември 2008 година, исплатата на нето платата на вработените во општинската администрација на општина Тетово се вршеше според утврдена вредност на бодот за вработените без статус на државни службеници, односно според член 34 од Законот за државните службеници за вработените со статус на државни службеници, зголемена за трошоците поврзани со работата за превоз до и од работното место, како и исхрана за време на работа согласно член 113 од Законот за работните односи

Со воведувањето на исплатата на бруто плата согласно измените и дополнувањата на Законот за исплата на плати во РМ кои почнаа да се применуваат од 01.01.2009 година, исплатата на бруто платата за јануари 2009 година започна согласно член 3 став 3 од Законот за исплата на плати во РМ кој предвидува **утврденото** право на нето плата со овој закон за декември 2008 година дасе го зголеми за износот на пресметаниот данок од плата, задолжителните социјални придонеси, согласно со пропишаните законски стапки за декември 2008 година **и за износот на трошоците поврзани со работа по основа на исхрана за време на работа и превоз до и од работа, пресметани согласно со закон, колективен договор и договор за вработување.**

Согласно член 33 од Законот за државните службеници, државниот службеник има право на плата и надоместоци на плата под услови и критериуми утврдени со овој Закон. Според член 34 од истиот Закон,платата на државниот службеник се состои од основна компонента и исклучителна компонента, а пак основната компонента на платата се состои од основна плата, додаток на плата за звање и додаток на плата за кариера.Платата на вработените државни службеници во општина Тетово се состои само од основна плата и додатокот на плата за звање, додека додатокот на плата за кариера воопшто не се исплаќа што е во спротивност со горенаведениот член од Законот, но Државната ревизија при ниту една извршена ревизија во општина Тетово ова го нема констатирано како

неусогласеност ниту пак предвидела препорака и мерка за нејзино отстранување.Во член 36 од Законот, секое звање е вреднувано со определен број на бодови, а вредноста на бодот е утврдена со Одлуката за извршување на Буџетот на општина Тетово и изнесува колку што изнесува вредноста на бодот за корисниците на Буџетот на РМ.Според член 52 став 1 од Законот за државни службеници, државниот службеник има право на надоместоци на плата согласно со прописите за работни односи што значи согласно член 113 став 4 и 5 од Законот за работните односи.

Ова значи дека, бруто платата на државните службеници вработени во администрацијата на општина Тетово е утврдена согласно Законот за исплата на плати во РМ, Законот за државните службеници и Законот за работни односи и се состои од бодови по основ на стекнатиот степен на образование и бодовите по основ на додатокот звање за работното место зголемени за процентот на бодови за работното искуство, на што е додаден надоместокот за исхрана за време на работа во висина од 20% од просечната нето плата по работник исплатена во претходната година и трошоците за превоз во висина на стварните трошоци во јавниот собраќај.

Тоа што со Законот за измена и дополнување на Законот за државните службеници објавен во „Службен весник на РМ„ бр.6/09 додатокот на плата за звање линеарно за сите звања е зголемен за 46 бода со образложение дека тука се содржани трошоците поврзани со работа по основа на исхрана за време на работа и превоз до и од работа за нас не претставуваше основа да не се примени член 52 од Законот за државни службеници бидејќи овие бодови се додадени на бодовите по основ за звање кои законодавецот ги предвидел стриктно како дел од основната компонента на плата на државниот службеник, на што се додаваат надоместоците на плата согласно членот 52.

Поради овие причини, сметаме дека исплатата на бруто платите на вработените во администрацијата на општина Тетово се врши во целосна со согласност со Законот за исплата на плати во РМ, Законот за државните службеници и Законот за работни односи и погрешно во Нацрт-Извештајот на Овластениот државен ревизор е утврдена како неусогласеност, поради што бараме истата да се отстрани и да не биде дел од Конечниот извештај.

**За точка 4.3.4.** има договор за користење на Бизнис тарифни модели од 22.03.2010 година кој договор го имам наследено, а по завршување на овој договор имаме спроведено јавна набавка за користење на фиксна и мобилна телефонија каде по спроведената постапка за најповолен понудувач избран е економскиот оператор ОНЕ.

**За точка 4.4.3.** Оваа е само можност, а не и обврска. Доколку добиената цена на единствениот понудувач во првичната редовна постапка е реална и прифатлива за договорниот орган, редовната постапка може да заврши успешно со избор на таа понуда под првично понудените услови, без да се оди на постапка со преговарање по овој основ.

-При спроведување на постапките за јавни набавки за „Асфалтерски работи низ улици и патишта на Општина Тетово“ и „Довршување на изградба на системот за водоснабдување на Тетово со зафаќање на површински води од студена река и река Пена“, не е искористена можноста за преговарање од член 99 од ЗЈН бидејќи договорниот орган-Општина Тетово НЕМА ОБВРСКА (оваа е само можност а не и обврска).

**ПРИЛОГ:** Коментар од член 99 од ЗЈН од книга „Примена на законот за јавни набавки во пракса“ 2012 година Второ издание.

**За точка 4.4.1.** се набавени униформи кои беа неопходни според законот, за набавка на пакетчиња-оваа е набавка на новогодишни пакетчиња за деца со посебни потреби во дневниот центар во Тетово, за набавка на кафе и пијалоци-набавено е кафе и пијалоци за потребите на гостите и делегациите и кои се набавени хитни и интервентни набавки во најблиските локали што се на објектот на Општина Тетово, за набавка на разни потрошни материјали-исто така е набавена инервентна набавка на стоки. Треба да напоменуваме дека сите овие набавки се набавени по пазарни цени.

За отстранување на објекти на безправно изградени објекти-е продолжено со договорот од 2011 година бидејќи по спроведената постапка за јавна набавка за 2012 година не се јави ниеден економски оператор за ваква природа на услуги за отстранување на објекти на безправно изградени објекти.

За услуги за поправка и сервисирање на возила-се работи за овластени сервисери за возила кои општина Тетово ги има извршено за поправка и сервисирање на службвените возила и товарните возила од територијалната противпожарна заштита, по цени од претходните набавки кои општина Тетово ги има спроведено.

**Со почит.**

**Др.Проф. Сади Беџети**

**Прилог број 2**

## ОДГОВОР
**на забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 03.02.2014 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Општина Тетово за 2012 година на сметката на основен буџет (637), од поранешниот градоначалник, проф. др. Сади Беџети, заведени во Државниот завод за ревизија под број 29 – 154/1 и известување број 29-154/2 од 03.02.2014 година од актуелниот градоначалник проф. др. Теута Арифи, со кое известуваат дека немаат забелешки и ќе постапат по дадените препораки од извештајот.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.1.** од Нацрт извештајот која се однесува на тоа дека бруто платата на државните службеници во администрацијата на Општина Тетово е утврдена согласно Законот за исплата на плати во Република Македонија, Законот за државните службеници и Законот за работни односи и се состои од бодови по основ на стекнатиот степен на образование и бодовите по основ на додатокот за звање за работното место зголемени за процентот на бодови за работното искуство, на што е додаден надоместокот на исхрана за време на работа во висина од 20% од просечната нето плата по работник исплатена во претходната година и трошоците за превоз во висина на стварните трошоци во јавниот сообраќај, **не се прифаќа,** од причина што на ревизијата не и се доставени нови докази кои би имале влијание на констатираните состојби.
   Ревизијата истакнува дека со воведувањето на принципот на бруто плата кој започна да се применува од 01.01.2009 година, законските одредби од Законот за исплата на плати во Република Македонија (член 3), Законот за државни службеници (член 52) и Законот за работните односи (член 113) претрпеа измени во делот на надомест на трошоци поврзани со работата, на тој начин што надоместоците за исхрана и превоз до и од работа кои се исплатуваа во паричен износ се вклучија во бруто платата на вработените, а тоа е постигнато преку зголемување на бројот на бодови по основ на звање линеарно, така што законски не е предвидена можноста за дополнителна исплата на овој вид надоместоци.
   По однос на тоа дека платата на вработените државни службеници во Општина Тетово се состои само од основна плата и додаток на плата за звање, додека додатокот на плата за кариера воопшто не се исплаќа, ревизијата истакнува дека додатокот на плата за кариера кој е регулиран со

одредбите од Законот за државни службеници пропишува четири степени на кариера стекнати на основа извршено оценување на државните службеници и се движи од 5% до 20%. Тоа што во Општина Тетово не се исплаќа додаток за кариера не може да се изедначи односно да се надомести преку исплатата на додаток за храна во висина од 20% од просечно исплатената плата за претходната година и превоз до и од работа во висна на стварните трошоци во јавниот сообраќај.

2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.3.4.** од Нацрт извештајот која се однесува на тоа дека има договор за користење на бизнис тарифни модели од 22.03.2010 година, а по завршување на овој договор спроведена е јавна набавка за користење на фиксна и мобилна телефонија **не се прифаќа,** од причина што во прилог на забелешките не е доставен договор за фиксна и мобилна телефонија склучен со економски оператор избран во постапка за јавна набавка, кој ниту за време на ревизијата не беше презентиран.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.4.3.** од Нацрт извештајот која се однесува дека при спроведување на постапките за јавни набавки за „ Асфалтерски работи низ улици и патишта на Општина Тетово" и „Довршување на изградба на системот за водоснабдување на Тетово со зафаќање на површински води од Студена река и река Пена" не е искористена можноста за преговарање од член 99 од Законот за јавни набавки, претставува **известување** кое ревизијата го имаше во предвид во текот на вршење на ревизија. Поради тоа укажувањето дека законските одредби даваат можност а не се обврска, е констатирано и од страна на ревизијата дека дадената можност не е искористена. Целта е да се постигне намалување на цените или евентуално кога се работи за понудени реални цени кои соодветствуваат на пазарните цени тоа да биде констатирано со писмен документ, што ќе ја оправда/потврди реалноста на склучените договори.

4. Забелешката на констатираната состојба во **точката 4.4.1.** од Нацрт извештајот која се однесува на тоа дека без постапки за јавни набавки се набавени униформи, новогодишни пакетчиња, кафе и пијалаци, разни потрошни материјали, услуги за отстранување на бесправно изградени објекти и услуги за поправка и сервисирање на возила, **не претставува** забелешка, туку **известување** дека извршените набавки биле неопходни и дека кај поголемиот дел станува збор за интервентни набавки. Меѓутоа, Законот за јавни набавки не предвидува ослободување од спроведување на соодветни постапки за конкретните набавки, истите можеле да се предвидат, па поради тоа, наодот во Конечниот извештај останува непроменет.